3239.

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08 и 103/08), министерот за финансии донесе

У П А Т С Т В О
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ЕВИДЕНТИРАЊЕ, РАСПОРЕДУВАЊЕ И ПОВРАТ НА ЈАВНИТЕ ПРИХОДИ

1. Во Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/09) во точката 7 зборовите: „на уплатната сметка (845) која е“ се заменуваат со зборовите: „на уплатните сметки (840 и 845) кои се“

2. Во шифрарникот на уплатни сметки за јавни приходи, во делот И. Приходи на Републиката и на единиците на локалната самоуправа, во точката 3. зборовите „Данок на промет на производи и услуги, данок на додадена вредност и акцизи“, се заменуваат со зборовите „Данок на додадена вредност и акцизи“.

Во потточката 3.2 Акцизи во уплатната сметка под реден број 34, бројот „95“ се заменува со бројот „98“.

Во потточката 3.3.1 Споредни даночни давачки по уплатната сметка со ред број 3 се додаваат две нови уплатни сметки под ред број 4 и 5 кои гласат:

4	840-03429	еднократна посебна такса при интегрирана наплата на придонеси за задолжително социјално осигурување и персонален данок на плата	716111
5	840-03434	еднократна посебна такса за надоместокот за концесии	

Во точката 7. Глоби по посебни прописи, по уплатната сметка со ред број 21 се додаваат две нови уплатни сметки под ред број 22 и 23 кои гласат:

22	840-05353	глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Дирекцијата за заштита и спасување	722134
23	840-05369	глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Министерството за правда	722135

Во точката 8. Приходи што ги остварува органите на управата, правосудните органи и други приходи по уплатната сметка со ред број 80 се додаваат две нови уплатни сметки под ред број 81 и 82 кои гласат:

81	840-07085	надоместок за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќа при увоз на нафтени деривати и при производство на нафтени деривати	718143
82	840-07090	надоместок за концесии на патишта	733135

3. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.08-39071/3 Заменик претседател на Влада
17 декември 2009 година и Министер за финансии,
Скопје м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

3240.

Врз основа на член 59 став (7) и член 62 став (3) Законот за градење (“Службен весник на Република Македонија” бр. 130/09), министерот за транспорт и врски донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за добивање на одобрение и формата и содржината на образецот на одобрението за градење.

Член 2

Барањето за добивање на одобрение за градење се поднесува на образец со формат А-4 кој е даден во Прилог 1 и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Одобрението за градење на градби од прва и втора категорија се издава на образец во формат А-4 кој е даден во Прилог 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Одобрението за градење на градби од трета, четврта и петта категорија се издава на образец во формат А-4 кој е даден во Прилог 3 и е составен дел на овој правилник.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање на одобрение за градење и на образецот на одобрението за градење (“Службен весник на Република Македонија” бр.123/08).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-14335
17 декември 2009 година Министер,
Скопје **Миле Јанакиески,** с.р.